РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-3964/3
31.03. 2014 год.
СКОПЈЕ

# Б - Дозвола за усогласување со оперативен план

Име на компанијата

**РЕНОВА ДОО ЕКСПОРТ ИМПОРТ**
**с.Џепчиште, Џепчиште**

Адреса

**1212 Џепчиште,Тетово**
**Република Македонија**

Број на дозволата

Дозвола Бр.

# Содржина

Дозвола за усогласување со оперативен план ........ 1

Содржина ........ 2

Вовед ........ iii

Дозвола ........ 1

1 Инсталација за која се издава дозволата ........ 2

2 Работа на инсталацијата ........ 5
2.1 Техники на управување и контрола ........ 5
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) ........ 7
2.3 Ракување и складирање на отпадот ........ 7
2.4 Преработка и одлагање на отпад ........ 8
2.5 Спречување и контрола на хаварии ........ 8
2.6 Мониторинг ........ 9
2.7 Престанок со работа ........ 10
2.8 Инсталации со повеќе оператори ........ 11

3 Документација ........ 12

4 Редовни извештаи ........ 13

5 Известувања ........ 14

6 Емисии ........ 15
6.1 Емисии во воздух ........ 15
6.2 Емисии во почва ........ 19
6.6 Емисии на бучава и вибрации ........ 20

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води ........ 22

8 Оперативен план ........ 23

9 Договор за промени во пишана форма ........ 25

Додаток 1 ........ 26

Додаток 2 ........ 27

# Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка Дозвола, односно Дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување барање заусогласување со оперативен план("Службен весник на РМ" бр.89/2005, до одобреното ниво во Дозволата.

.

# Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Инсталацијата за производство и обработка на малтери Ренова е лоцирана на катастарска парцела 1710, катастарска општина Непроштено. Локацијата има издолжена правоаголна форма, со подолгите страни поставена во правец исток запад. Пристапот до локацијата се обезбедува преку автопатот Тетово Вратница. Вкупната површина на локацијата изнесува 7031 $м^2$, од кои под објекти се покриени 1250 $м^2$.

Опис на технолошкиот процес

За оптимално одвивање на Технолошкиот процес во Погонот за производство и обработка на малтери Ренова има повеќе единици ( објекти ) кои се меѓусебно линеарно поврзани и тоа.

- Приемен дел
- Кула за силоси
- Магацин за готов производ ( магацин 1 )
- Приемен магацин ( магацин 2 )

Приемен дел

Во приемниот дел се врши прием на агрегат во два припремни садови и припрема на суровината, а потоа се упатува на потребната обработка - мелење, сушење и сл. Вкупната површина на приемот и обработка изнесува 227,1 $м^2$.

Кула за силоси

Во ова технолошка единица се врши чување на материи како основни компоненти, како и супстанции адитиви. Површината на кулата во основа изнесува 192 $м^2$.

Приемот на овие компоненти - вар, бел цемент, гипс, перлит, гранулиран стиропор и слично се врши на три начини и тоа:

- со помош на елеватор кој води од линија за припрема,
- со пневматско претурање од транспортно возило, кое се поставува паралелно со кулата од надворешната страна на објектот,
- со пневматско претурање преку систем на цевки од приемниот магацин.

Во делот за силоси се транспортираат примарно обработените суровини или се дотураат оние суровини кои не се подлежни на претходна обработка.

Определен силос содржи определена фракција или материјал - вар, бел цемент, гипс, перлит, гранулиран стиропор и слично, според потребите на застапената технологија или според соодветна рецептура на производ што во моментот се произведува.

Магацин за готов производ ( магацин 1 )

Од кулата за силоси спакуваниот производ се реди на палети со вилушкари и се транспортира до магацинот за готов производ. Овој магацин има површина од 675 $м^2$. Магацинот за готов производ е поврзан функционално со сите технолошки единици, освен со приемот и припремата.

Приемен магацин ( магацин 2 )

Во приемниот магацин се врши прием и чување на некои од репроматеријалите. Површината на магацинот изнесува 299$м^2$.

Водоснабдување и електрично напојување

Објектот е обезбеден со вода од бунари.

Снабдувањето со електрична енергија е од постојната електрична мрежа.

Опис на технолошкиот процес

Гранулатот потребен за добивање на готов производ сув малтер во разни форми се дотура (транспортира) до млинот каде се доведува до потребната фракција, додека останатите компоненти се носат во сита од магацин 2 по пат на пневматика.

Од ситата потребнита фракции влегуваат во затворен систем за сушење од каде со помош на елеватори доаѓа до полнење на силосите кои ги има вкупно 9.

За секој вид на производ потребните компоненти од силосите со помош на полжави доаѓат до дозаторот, од каде се одредува потребната количина на компонентите за секој производ одделно.

Од дозаторот комплетната сува смеса оди до мешалката каде се меша во сува постапка во затворен сад, без никакво испуштање на било какви материи.

Пакувањето на готовиот производ се врши со помош на специјализирана пакетарка, во пластифицирани вреќи од 25 до 40 кг кои понатаму се складираат во магацинот1 со помош на вилушкари.

Како суровини што се користат во процесот на готовиот производ се јавуваат, цемент ( бел и обичен ), гранулат со најразлични фракции, вар, гипс и перлит. Со комбинација на овие суровини, се добива голем спектар на минерални малтери, фини малтери за кои постои атест од страна на Градежен институт Македонија, Скопје.Инсталацијата ги има воведено следните ISO стандарди: ISO 9001:2000,

ISO 14001:2004, ISO 9001:2008.

## Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација

| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
|---|---|---|
| Нема | / | / |

## Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација

| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
|---|---|---|
| | / | / |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.
За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниоот орган на адресата

**Бул „Гоце Делчев„ бр.18, зграда на МТВ 10 спрат, 1000 Скопје, Република Македонија.**

.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со законот за животна средина.

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање {Бр.} | Добиено | |
| Барање бр.11- 400/1 | 13.01.2012 | Доставено е барањето за добивање на Б – дозвола за усогласување со оперативен план за Ренова ДОО с.Џепчиште |
| Објава на барањето бр.11-11006/1 | 21.11.2013 | Објавено е барањето за добивање на Б – дозвола за усогласување со оперативен план за Ренова ДОО с.Џепчиште |
| Известување бр.11-11485/5 | 04.12.2013 | Напишано е известување и доставен е примерок од барањето до општина Теарце |
| Објава на Нацрт Б – дозвола за усогласување со оперативен план бр.11-2368/1 | 21.02.2014 | Извршена е објава на нацрт А – дозволата за усогласување со оперативен план за Ренова ДОО с.Џепчиште Тетово |
| Покана за состанок за преговори бр.11-3141/1 | 12.03.2014 | Напишана е покана за состанок за преговори со Ренова ДОО с.Џепчиште Тетово |
| Донесена одлука за започнување на преговори бр.11-3373/1 | 18.03.2014 | Донесена е одлука за започнување на преговори со Ренова ДОО с.Џепчиште Тетово |
| Донесена одлука за формирање на тим за преговори бр.11-3373/2 | 18.03.2014 | Донесена е одлука за формирање на тим за преговори од страна на МЖСПП |
| Записник од состанокот за преговори со Ренова ДОО с.Џепчиште Тетово бр.11-3141/2 | 21.03.2014 | Напишан е записник од состанокот за прегвори со Ренова ДОО с.Џепчиште Тетово |

Дозвола

Закон за животна средина

# Дозвола

Број на дозвола Бр.

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник Бр 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14 ), го овластува

**РЕНОВА ДОО ЕКСПОРТ ИМПОРТ** **с.Џепчиште, Џепчиште** ("Оператор")

со регистрирано седиште на

**Адреса : с.Џепчиште, Тетово**
**Поштенски број Град : 1212 Џепчиште**
**Држава: Република Македонија**

**Број на регистрација на компанијата ЕМБС : 5088402**

да раководи со Инсталацијата

**Цело име на инсталацијата:**

**РЕНОВА ДОО ЕКСПОРТ ИМПОРТ** **с.Џепчиште**

**Адреса : с.Џепчиште, Тетово**
**Поштенски број Град: 1212 Џепчиште**
**Држава: Република Македонија**

во рамките на дозволата и условите во неа.

**М И Н И С Т Е Р**

**Abdilaqim Ademi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

Датум

31.03.2014

# Услови

## 1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| Табела 1.1.1 | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| Прилог 2, Точка 3. Индустрија на минерали, Подточка 3.2. Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини. | **Производство и обработка на суви малтери во разни форми** | **( 50.000 т/год )** |

Додадете редови по потреба

1.1.2 Активностите овластени во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во планот Табела 1.1.2).

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| Мапа на локацијата на Ренова ДОО Експорт Импорт с.Џепчиште | N 42.04 35 4 E 21.01164 |






1.1.3 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животната средина (Службен Весник на РМ Бр 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12,93/13, 187/13 и 42/14 ) и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата, согласно условите во Дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во барањето за дозвола за ИСКЗ, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2 Во инсталацијата треба да има поставено менаџер со соодветно квалификувано и со соодветно работно искуство кој што ќе биде назначен како одговорно лице. Менаџерот на инсталацијата или некое друго номинирано лице со соодветни квалификации и искуство, во улога на заменик, ќе биде присутен во инсталацијата во секое време во текот на работотата на инсталацијата или како што е поинаку назначено од страна на Надлежниот орган.

2.1.3 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени во предвид во оваа Дозвола ќе бидат во секое време достапни за секој вработен кој ја извршува работата на која се однесуваат некои од барањата на Дозволата.

2.1.4 Операторот не подоцна од 6(шест) месеци од добивањето на оваа дозвола, ќе воспостави и одржува систем за управување со животната средина (СУЖС). Системот за управување со животната средина ќе се надградува еднаш годишно на секои 12 месеци. Во СУЖС треба да бидат внесени следните елементи кои ќе бидат како минимум при пополнувањето:

- структура на управувањето и известување
- распоред на целите и задачите за животната средина

2.1.5 Операторот ќе подготви распоред на целите и задачите за животна средина. Распоредот, како минимум ќе обезбеди преглед на сите операции и процеси, вклучувајќи и проценка на практичните опции за ефикасност на енергијата и другите ресурси, употреба на почиста технологија, почисто производство и превенција, потоа спречување, редукција и минимизирање на отпадот, како и вклучување на цели за намалување на отпадот. Распоредот ќе вклучува временски рамки за достигнувањето на поставените цели и ќе се однесува на период од минимум 5 (пет) години. Распоредот ќе се разгледува годишно на секои 12 месеци и сите измени треба да се пријават кај Надлежниот орган за нивно одобрение, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС).

2.1.6 Операторот ќе му достави на Надлежниот орган програма за управување со животната средина (ПУЖС) за одобрување, во којашто ќе биде вклучена и временска рамка за остварување на целите и задачите за животната средина подготвени во условот 2.1.5. По одобрување на програмата, Операторот треба истата да ја постави и да ја одржува. Таа ќе соржи:

- Распределба на одговорностите за задачите;
- Средства со кои тие може да се остварат;
- Време во кое тие може да се достигнат.

ПУЖС ќе се разгледува еднаш годишно на секои 12 месеци и соодветните дополненија ќе се доставуваат до Надлежниот орган за одобрение, како дел од годишниот извештај за животна средина (ГИЖС) (услов 2.1.5).

Како дел од ГИЖС, операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7 (седум) години и ќе се достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

| Табела 2.1.1 : Техники на управување и контрола | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | Дата кога е применето |
| Опис на технички активности | Барање, Поглавје II | 13.01.2012 |

## 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Суровини и помошни материјали и енергии употребени или произведени во инсталацијата | Барање, Поглавје IV | 13.01.2012 |

2.2.2 Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за безбедноста на складиштата.

## 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табелите (2.3.1) и (2.3.2), или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Цврст и течен отпад | Барање , Поглавје V | 13.01.2012 |

2.3.2 Отпадот Отпадот ќе се складира на посебно определени места, соодветно заштитени од прелевање и истекување на течностите. Отпадот да биде јасно означен и соодветно одделен

2.3.3 На внатрешната патна мрежа и работниот простор нема да има отпадоци. Во рамките на работните процедури, операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминација на изворот на отпадоци

2.3.4 Операторот со отпадот ќе постапува соодветно и на начин со кој ќе нема да се дозволи: загадување на животната средина, води воздух и почва.

2.3.5 Операторот е должен со отпадот да постапува на следниот начин: да го селектира, да го класифицира, согласно листата за отпад, да ги утврди карактеристиките на отпадот, да го преработува а доколку неговата преработка технички и економски е неисплатлива, да го предаде на правно или физичко лице, овластено за собирање, транспорт, преработка, отстранување и/или извезување на истиот.

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорено написмено со Надлежниот орган.

| Табела 2.4.1 : Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Цврст и течен отпад | Барање, Поглавје V | 13.01.2012 |

2.4.2 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпадот на локацијата ќе се води целосна евиденција која ќе биде достапна за инспектирање од страна на овластените на Надлежниот орган во секое време. Оваа евиденција треба да ги содржи следните детали:

- имиња на превземачот и транспортерите на отпад;
- имиња на лицата,одговорни за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпадот;
- крајна дестинација на отпадот;
- писмена потврда од приемот и одложувањето на отпадот

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

| Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Спречување хаварии и реагирање во итни случаи | Барање, Поглавје XIII | 13.01.2012 |

## 2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува, мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.6.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Точки на мониторинг на емисии и земање примероци | Барање, Поглавје XI | 13.01.2012 |

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

а безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и

б безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ИСО стандардите.

## 2.7 Енергетска ефикасност

Операторот, согласно условите во дозволата, ќе употребува енергија како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

| Табела 2.7.1 : Енергетска ефикасност | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Горива и енергии употребени и или произведени во инсталацијата | Барање, Поглавје IV | 13.01.2012 |

2.7.1 Доколку Операторот ја изврши планираната измена на горивото нафта со гас по воведувањето на гас во Западна Македонија со Проектот Гама да го исвести надлежниот орган.

## 2.8 Престанок со работа

2.8.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.11.1 : Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа И грижа по престанок на активностите | Барање, Поглавје XIV | 13.01.2012 |

## 2.9 Инсталации со повеќе оператори

2.9.1 Со инсталацијата за која се издава управува само еден оператор, или

Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2 од оваа дозвола.

# 3 Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за:-

а секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

б целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од 3.1.2 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:-

а да бидат читливи;

б да бидат направени што е можно побрзо;

ц да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

а Составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;

б најдобра проценка на количината создаден отпад;

ц трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и

д најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.1.7 Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2 :

а во однос на наведени емисиони точки;

б за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

ц давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

д испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од ....

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:-

**а** кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

**б** кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

**ц** кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

**д** било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве

**а** перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

**б** престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

**ц** повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**i** било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

**ii** промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

**iii** за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Фугитивните емисии во воздух ќе се следат од точките наведени во Табела 6.1.1

| Табела6.1.1: Точки на емисија во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Референца на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| A1 | Испуст од котел | |
| A2 | Испуст од млин траки | |
| A3 | Испуст од систем за отпрашување од ваги и полнилница | |
| A4 | Испуст од сушара | |

6.1.2 Граничните вредности за квалитет на амбиентниот воздух за параметарот(рите) на точките наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени

| Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | **A1 Испуст од котел** | | | **Фреквенција на мониторинг** |
| **Проток** | $m^3/h$ | | | |
| | Концентрација ($mg/Nm^3$) | Од (датум) | Концентрација МДК ($mg/Nm^3$) | |
| **CO** | 154,31 | Од денот на издавањето на дозволата | 170 | 6 месеци |
| **$SO_2$** | 1,57 | Од денот на издавањето на дозволата | 1700 | 6 месеци |
| **$NO_X$** | 283,42 | Од денот на издавањето на дозволата | 350 | 6 месеци |

| **Табела 6.1.3 : Граници на емисиите во воздухот** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | **A2 Испуст од млин траки** | | | **Фреквенција на мониторинг** |
| **Проток** | m$^3$/h | | | |
| | Концентрација (mg/Nm$^3$) | Од (датум) | Концентрација МДК (mg/Nm$^3$) | |
| **Цврсти честички (Прашина )** | 48,91 | Од денот на издавањето на дозволата | 50 | 6 месеци |

| **Табела 6.1.4 : Граници на емисиите во воздухот** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | **A3 Испуст од систем за отпрашување од ваги и полнилница** | | | **Фреквенција на мониторинг** |
| **Проток** | m$^3$/h | | | |
| | Концентрација (mg/Nm$^3$) | Од (датум) | Концентрација МДК (mg/Nm$^3$) | |
| **Цврсти честички (Прашина )** | 2.01 | Од денот на издавањето на дозволата | 50 | 6 месеци |

| **Табела 6.1.5 : Граници на емисиите во воздухот** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Параметри** | **A4 Испуст од сушара** | | | **Фреквенција на мониторинг** |
| **Проток** | m$^3$/h | | | |
| | Концентрација (mg/Nm$^3$) | Од (датум) | Концентрација МДК (mg/Nm$^3$) | |
| **CO** | 1,29 | Од денот на издавањето на дозволата | 170 | 6 месеци |
| **$SO_2$** | 1,29 | Од денот на издавањето на дозволата | 1700 | 6 месеци |
| **$NO_X$** | 1,29 | Од денот на издавањето на дозволата | 350 | 6 месеци |
| **Цврсти честички (Прашина )** | 48,68 | Од денот на издавањето на дозволата | 50 | 6 месеци |

6.1.3 Временските периоди од 6.1.2, 6.1.5 соодветствуваат на оние од прифатениот оперативен план во поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табела 6.1.2, 6.1.5 на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела.

6.1.5 Операторот нема да ги надминува граничните вредности дадени во Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентен воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на гранични вредности, маргини на толеранција за гранични вредности, целни вредности и долгорочни цели.

6.1.6 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата,

6.1.7 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

## 6.2 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.2.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.2.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| Табела 6.2.1: Гранични вредности на емисија во вода во случај на појава на ваков вид на емисија | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметер** | **ГВЕ** (mg/l) | **Фреквенкција на мониторинг** | **Метод на анализа / техника** |
| Суспендирани честички | 30 | Месечно | Гравиметриски |
| ХПК $_{KMn4}$ mg/l $O_2$ | 2.51-5.00 | Дневно | M54ISO8467 |
| БПК$_5$ ml/l $O_2$ | 2.01-4.00 | Месечно | M54ISO5815 |
| pH | 6.3 - 6.5 | Месечно | M54ISO10523 |

6.2.2 Границите за емисиите во вода за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.2.1, нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.2.3 Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.2.1, на точките на емисија и со фреквенции наведени во таа Табела.

6.2.4 Не се дозволуваат емисии од инсталацијата на супстации кои не се пропишани во табелите 6.2.1, освен во концентрации кои не се повисоки од основната концентрација на соодветната супстанција во реципиентот.

## 6.3 Емисии во почва

6.3.1 Нема да има емисии во почвата

6.3.2 Операторот ќе извести за секоја непредвидена емисија во почва.

## 6.4 Емисии на бучава и вибрации

| Граничните вредности на емисиите на бучава | | | |
|---|---|---|---|
| Подрачје диференцирано според степенот на заштита од бучава | Ниво на бучава во dBA Lд | Ниво на бучава во dBA Lв | Ниво на бучава во dBA Lн |
| Подрачје од четврт степен | 70 | 70 | 60 |

Граничните вредности на емисиите на бучава се пропишани согласно член 3 од правилникот за гранични вредности на нивото на бучавата во животна средина Службен весник на РМ бр. 147/ 08 од 26.11.2008 година

Ренова ДОО Експорт Импорт с.Цепчиште, се наоѓа на подрачје од четврт степен, диференцирано според степенот на заштита.

6.4.1 Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата два пати годишно. Програмата за преглед на бучавата треба да се превзема во согласност со најдобрата пракса на ЕУ.

6.4.2 Бучавата од инсталацијата не треба да доведува до зголемување на нивото на звучниот притисок (Leq,T) мерено на локации кои се осетливи на бучава во инсталацијата кои ги надминуваат граничните вредности

## Табела XI.1-1: Мониторинг на квалитетот на воздухот

| Параметар | Фреквенција на мониторинг | Метод на земање на примероци | Метод на анализа / техника |
|---|---|---|---|
| Цврсти честички | Два пати годишно | ISO 9096:2003,<br>ISO 10780:1994, | Гравиметриска метода |
| Јаглерод моноксид | Два пати годишно | ISO 7935:1992,<br>ISO 12039:2001,<br>ISO 10849:1996 | Гасен анализатор - Електрохемиска метода |
| Сулфурдвооксид | Два пати годишно | ISO 7935:1992,<br>ISO 12039:2001,<br>ISO 10849:1996 | Гасен анализатор - Електрохемиска метода |
| Азотни оксиди | Два пати годишно | ISO 7935:1992,<br>ISO 12039:2001,<br>ISO 10849:1996 | Гасен анализатор - Електрохемиска метода |

## Табела XI. 3: Мониторинг на емисии на бучава

| Параметар | Фреквенција на мониторинг | Метод на земање на примероци | Метод на анализа / техника |
|---|---|---|---|
| Интензитет на бучава | Два пати годишно од страна на овластена фирма | Според ISO 60651 | ISO 1996 - 2 :1987 |

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

# 9 Оперативен план

9.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

**Табела 9.1.1 : Оперативен план**

| **Ознака** | **Мерка** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| 9.1 | Активност бр.1 Замена на постојниот систем за пречистување на воздухот со нов<br>Предвидена дата на почеток на реализација 02.02.2013<br><br>Вредност на инвестицијата 50.000 Евра | Предвидена дата на завршување на активноста, според Операторот е **31.03.2013**<br>**Активноста е завршена** |
| 9.2 | Активност бр.2 Поставување на нови канти за отпадоци и контејнери за селектирање на отпадот<br>Предвидена дата на почеток на реализација 01.06.2010<br>Вредност на инвестицијата 5. 000 Евра | Предвидена дата на завршување на активноста, според Операторот е **31.08.2010**<br>**Активноста е завршена** |

Или:

9.1.2 Операторот ќе го спроведува оперативниот план кој е составен дел на барањето онака како што е писмено договорено со надлежниот орган.

# 10 Договор за промени во пишана форма

Кога својството “или како што е друго договорено написмено” се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

10.1.1 Операторот ќе даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола: и

10.1.2 Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

10.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

10.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работи поврзани со неа, а кои се од типот на:

(i) Материјална промена или зголемување на:

- Природата или количината на било која емисија,
- Системите за намалување/третман или преработка,
- Опсегот на процесите што се изведуваат,
- Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад, или

(ii) Било какви промени на:

- Инфраструктурата на управување со локацијата или контрола со несакано еколошко влијание
- Набавувачите
- Кои би имале влијание врз животната средина

ќе се изведат или ќе започнат со претходно известување за тоа, и со договор со надлежниот орган.

# Додаток 1

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

## *Дел А*

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :

- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

## *Дел Б*

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта.................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# Додаток 2

## Известување за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа дозвола, се наведени подолу.

| Извештај | Фреквенција на извештајот Белешка1 | Датум на поднесување на извештајот |
|---|---|---|
| **Годишен Извештај за Животна Средина (АЕР)** | Годишно | до 31-ви март секоја година |
| **Евиденција на инциденти** | Како што се случуваат | Во рок од пет дена од инцидентот. |
| **Мониторинг на квалитетот на отпадната вода** | Инсталцијата нема испуст во вода | |
| **Мониторинг на квалитетот на подземната вода** | Инсталцијата нема испуст во вода | |
| **Мониторинг на воздухот** | 6 месеци | Десет дена од истекот на Шестмесечието за кое е поднесен извештај |
| **Распоред на цели и задачи** | На секои 5 години, со годишно ревидирање | 3 месеци претходно, пред започнувањето на развојот |
| **Ревизија на употребата на вода** | Годишно | |
| **Ревизија за енергетската ефикасност** | Еднаш | |
| **Преглед на бучавата** | Два пати годишно | |
| **Извештај** | | |

# Додаток 3

Табела IV.1. Листа на суровини и помошни материјали, супстанции, препарати, горива и енергии

| Реф. Бр или | Материјал/ Супстанција(1) | CAS(4) Број | Категорија на опасност(2) | Моментално складирана количина | Годишна употреба | R и S фрази(3) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | (тони) | (тони) | |
| | **Суровини** | | | | | |
| 1. | Сив камен | Не е во Анекс IV | / | / | 18.990 t | R43 S36 37 |
| 2. | Бел камен | Не е во Анекс IV | / | / | 7.021 t | R43 S36 37 |
| 3. | Сив цемент | 65997 - 15 -1 | / | / | 1542 t | R36,37,38 S3,24,25,26,37, 38,39 |
| 4. | Бел цемент | 65997 – 15 -1 | / | / | 1769 t | R36,37,38 S3,24,25,26,37, 38,39 |
| 5. | Вар | 1305 – 78 – 8 | / | / | 2235 t | R36,37,38 S3,24,25,26,37, 38,39 |
| 6 | Гипс | 10101 – 41 - 4 | / | / | 1831 t | R36,37,38 S3,24,25,26,37, 38,39 |
| 7. | Калцит | 72608 – 12 -9 | / | / | 1428 t | R36,37,38 S3,24,25,26,37, 38,39 |
| 8. | Адитиви | / | / | / | 250 t | R36,37,38 S3,24,25,26,37, 38,39 |
| 9. | Нафта | 64742 - 80 – 9 | Класа 3, запаливи течности | / | 135 t | R-10 S-1 |
| 10. | Електрична енергија | Не е во Анекс IV | / | / | 879,05 MW | / |
| 11. | Вода | Не е во Анекс IV | / | / | 777 $m^3$/ год | / |
| 12. | Амбалажни вреќи | Не е во Анекс IV | / | / | 1393931 Парчиња | / |

Табела V.1 Вид и количина на отпад

| Реф. бр | Вид на отпад/материјал | Број од Европскиот каталог на отпад | Количина | | Преработка/ одложување | Метод и локација на одложување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Количина по месец [тони] | Годишна количина [тони] | | |
| 1. | Јаловина-земја | 01 04 13 | 0,85 t | 224 t | Привремено се одлага на локацијата | Откуп од привтни лица Се користи за тампонирање |
| 2. | Отпадни вреќи од амбалажа | 20 01 01 | / | 27.800 Парчиња | Се одлага во кентејнер на локацијата | ЈКП Тетово |
| 3. | Комунален отпад | 20 03 01 | / | / | се собира во канти | ЈКП Тетово |